Блага АЛЕКСОВА

# НАОДИ ОД СРЕДНОВЕКОВНАТА СЛОВЕНСКА НЕКРОПОЛА ВО С. КРЊЕВО, КАВАДАРСКО

Југозападно од реката Вардар кај Демир Капија, нагоре по реката Бошава во Баровската клисура, се простира селото Крњево. То е расположено на една блага тераса што се протега на поголема падина крај реката Бошава. Реката кај селото Конопиште скршнува кон југ водејќи нè кон планината Кожуф, каде што се наоѓаат нејзините извори.[1]

За извесни археолошки остатоци по реката Бошава, а во атарот на селото Крњево, наоѓаме податоци кај В. Радовановиќ[2], како и кај самите месни жители, кои честопати при обработка на земјиштето наоѓале повеќе остатоци од ѕидови, од обработени камења, од градежни тули и керамиди, од населбинска керамика, потоа остатоци од утврдувања и повеќе гробови од некрополи.

Се рекогнносцирањата и истражувањата што ги изведовме од 12 до 15 ноември 1975 година со една мала група на студенти во атарот на селото Крњево констатирани се многубројни остатоци од градби, од тврдина, потоа населбинска керамика од доцниот антички период, остатоци од една ранохристијанска базилика со трободна диспозиција и добро сочуван канцел од олтарната преграда на презвитериумот, изведен од мермер, еден сакрален објект на месноста Св. Димитрие, остатоци од архитектонска декоративна пластика од рамнохристијанскиот период и повеќе гробови од делумно прекопаните и разнесените средновековни некрополи.[3]

Во овој труд ќе се задржиме на средновековните некрополи во атарот на с. Крњево, од кои добар дел е прекопан од самите месни жители при обработката на земјиштето, а од чии гробови имаме археолошки наоди, донесени од Лазо Галабов

---

[1] В. Радовановић, Тиквеш и Рајец, Српски Етнографски Зборник, СКА кн. XXIX, Насеља и порекло становништва кн. 17 (Београд 1924) 310.

[2] Ibid. 310.

—[3] Б. Алексова, Ранохристијанската базилика во с. Крњево, Кавадарско, Ликовна Уметност 2—3, (Скопје 1964—1977) 48—53.

што се откупени за Средновековната збирка на Археолошкиот музеј на Македонија во Скопје.[4]

На месноста Пржалот југоисточно од селото а западно од месноста Црвени Брегови има остатоци од гробови чија конструкција е изведена со камени плочи што имаат оријентација З—И. На овој простор во профилите се констатирани гробови на два ката. При обработувањето на земјата а честопати и од љубопитство месното население ги прекопувало овие гробови и камените плочи ги употребувало за огради на своите лозја.

На месноста Црвени Брегови источно од Пржалот, во лозјето на Лазо Галабов, во 1964 година се прекопани од самиот Лазо Галабов повеќе од 10 гроба, кои имале камена конструкција и ориентација З—И. Во овие гробови Л. Галабов има откриено повеќе прилози крај скелетите, што го сочинуваат накит од кој се сочувани неколку примероци. Во соседните лозја, исто така, при рилањето се прекопани повеќе гробови со богати прилози и со иста камена конструкција, меѓутоа, од наодите ништо не е сочувано. Сите меѓи на овие лозја се изведени од камени плочи од пешчар од растурените гробови, на овој простор. Според увидот на теренот и сите прибрани податоци, изгледа дека се работи за една поголема средновековна некропола, од која добар дел е уништен при обработување на земјата. Врз основа на увидот на теренот, може да се констатира дека се работи за остатоци од неколку поголеми некрополи во атарот на селото Крњево, што укажува дека просторот покрај реката Бошавица бил густо населен во средновековниот период. Населбите на кои припаѓале овие некрополи, секако треба да се барат во непосредната близина односно од спротивната страна на реката Бошавица каде што се констатирани траги од живот во доцниот антички и раниот христијански период.[6]

Според сочуваните гробови во профилите на брегот на месноста Пржалот, како и врз основа на сочуваните плочи од зеленикав пешчар од прекопаните гробови, јасно е дека се работи за некропола со гробови чија конструкција е изведена од камен, што значи дека гробовите биле оградени и покриени со камени плочи. Сочуваните гробови во профилите имаат ориентација З—И, што, секако, биле ориентирани и останатите гробови на оваа некропола. Самите некрополи биле расположени на благите падини кај реката Бошавица. Ваков избор на теренот за закопување во средновековниот период е вообичаен. Од-

---

[4] Во зимата 1975 година Лазо Галабов од с. Крњево донесе во Археолошкиот музеј во Скопје наоди од прекопаните гробови на неговиот имот во с. Крњево. Со цел да се установи за какви остатоци се работи во овој крај, есента авторот на овој труд со своите студенти изврши рекогносцирања по реката Бошавица, во атарот на селото Крњево.

[5] В. Радовановић, цит. дело, 312.

[6] Б. Алексова, цит. дело, 49—53.

стапувања постојат кога тоа го наложува конфигурацијата на теренот.

Деталното истражување на теренот, сочуваните гробови во профилите и сите прибрани податоци укажуваат дека некрополата била на редови, а закопувања имало и на два ката. Има можност за претпоставка дека гробовите на површината биле на извесен начин одбележани, бидејќи гробовите од горните катови правилно ги следат редовите во подлабоко вкопаните гробови.

Што се однесува до скелетите и положбата на рацете кај истите не е можно да се каже ништо повеќе од тоа, дека истите биле положени во правец З—И, што значи со главите на запад свртени кон исток. Ова е констатирано кај сочуваните гробови на месноста Пржалот.

Од прекопаните гробови на месноста Црвени Брегови прибрани се повеќе наоди што се наоѓале како прилози во гробовите. Наодите што се откупени од Лазо Галабов за Средновековната збирка на Археолошкиот музеј на Македонија во Скопје, го сочинуваат воглавно накит, што покојниците го носеле за време на животот. Овие прилози го сочинуваат обетки, наушници, белезици, прстења и фрагментувано копче од облека. Меѓутоа, според исказот на Л. Галабов при расчистувањето на теренот во 1964 година тој открил во некои гробови железни синџири и гердани од разнобојни перли, кои наоди при копањето ги растурил.

## Опис на наодите

1. Обетка, гроздовидна, сребрена со гранулирана долна алка, од страните по една гранулирана јагода и на коренот од горната и долната страна. Дим: вис. 5,8 см, шир. 3,1 см.

1а. Примерокот е чифт од бр. 1 оштетен, со дим.: вис. 5,5 см, шир. 3 см.

2. Обетка, гроздовидна сребрена, оштетена. Полукружната долна алка е од филигранска жица, од страните по една биконична јагода од тенок лим. На коренот јагодите недостасуваат. Дим.: шир. 2,9 см.

3. Обетка, гроздовидна сребрена, долната алка од филигранска жица, од страните по една јагода од филигранска жица, на коренот гранулирани зрна, јагодите недостасуваат. Дим.: шир. 4,3 см.

4. Наушница, отворена алка, бронзена. Дим: шир. 2,2 см, деб. на алката 0,2 см.

5. Привезок, бронзен лим со алка, едната страна е сочувана. Дим.: вис. 7 см.

6. Белезица, бронзена со отворени краеви, масивна со триаголник во пресек. Дим.: шир. 5 см, деб. 0,6 см.

7. Белезица, бронзена од тенок лим, широка, се закопчува на шарнир, со геометриски орнаменти. Дим.: шир. 5,2 до 7 см, шир. на траката 1,3 см.

8. Белезица, бронзена, од тенок лим со отворени краеви, зашилени со избоцкана декорација. Дим.: шир. 5,5 см, шир. на траката 0,7 см.

9. Прстен, бронзен, со задебелувања на главата и од страните, Дим.: вис. 2,2 см, шир. 2 см.

10. Прстен, бронзен, со задебелувања на главата и од страните. Дим. вис. 2,2 см, шир. 2 см.

11. Прстен, бронзен, со задебелувања на главата. Дим. вис. 2,4 см, шир. 2 см.

12. Прстен бронзен, со задебелувања на главата и мала профилација од страните. Дим. вис. 2,3 см, шир. 2 см.

13. Прстен, бронзен, со задебелувања на главата и од страните. Дим.: вис. 2,3 см, шир. 2,1 см.

14. Прстен, бронзен, со изразито задебелување на главата и одвај нагласени профилации од страните. Дим.: 2,4 см, шир. 2,1 см.

15. Прстен, бронзен, на широка алка, конусна глава украсена со филигранска жица, на средината на конусниот дел гранулирано зрно. Дим.: вис. 2,3 см, шир. 2,1 см, шир, на алката 0,5 см.

16. Прстен, бронзен, со конусна глава од тенок лим опкружена со тордирана филигранска жица. Алката е широка составена од повеќе филигрански жици. Дим.: вис. 2,1 см, шир. 2,1 см, шир. на алката 0,5 см.

17. Прстен, сребрен, алката е од извитката жица со лежиште за камен или стаклена паста, опкражено со извиткана жица. Дим.: вис. 2,3 см, шир. 2,3 см.

18. Прстен, бронзен, алка со повеќе извиткани жици, главата недостасува. Дим. вис. 2,1 см, шир. 2,1 см.

## Типолошка анализа на наодите

Наодите, најдени во гробовите на некрополата во Крњево, се предмети од украсен карактер. Тие претставуваат накит што е несомнено составен дел и украс на облеката, а како накит е познат и досега од истражените некрополи во Македонија. За жал остатоци од орудија, оружје и други предмети за употреба од оваа некропола не се сочувани. Прибраниот археолошки материјал, иако со своите типови, стилот и техниката на обработувањето наоѓа аналогии и делумно е истоветен со други познати

наоди од накит, има и свои посебни одлики и специфичности поради што овде ќе биде детално разгледан.

Меѓу овие наоди од накит по својата разновидност на обработката со застапената луксузна техника и филигран и гранулација се истакнуваат обетките и истите претставуваат најкарактеристичен дел на археолошкиот материјал од оваа некропола.

Од некрополата во Крњето е сочувана една наушница-алка која има отворени краеви со кружен пресек на истата. Таа припаѓа на основниот тип на наушници од обична алка со отворени краеви, кои понекогаш се допираат, а понекогаш преоѓаат еден преку друг.

Овој тип на наушници, поради својата едноставна форма, се во голема употреба и тоа долг временски период. Тие се среќаваат, без исклучок на сите словенски некрополи, и тоа во различни варијанти и димензии, зависно од материјалот од кој се изработени, од формата на алката и од некои украсни додатоци што се ставени на алката или различни привезоци закачени на самата алка, на што укажуваат многубројните примероци од големата некропола во Демир Капија. Овој тип на наушници во различни варијанти е во долга употреба, меѓутоа, нивното попрецизно датирање обично се изведува врз основа на типовите на накит со кои заедно прават гробни целини. Поради тоа нивното датирање општо е примено на словенските наоѓалишта во времето од IX—II век.[7]

Во нашите наоди најмногубојно се застапени обетките од така наречениот гроздовиден тип и тоа во неколку варијанти, познати исто така од некрополите во Македонија. Меѓутоа, примероците од Крњево се сосема нова концепција на изработка, збогатени со нови декоративни елементи, што досега беше не познато за овој тип на обетки кај нас.

Обетката Т. I. № 2 сочувана е фрагментирано, но доволно за да се определи на кој тип припаѓа.

Четирите сребрени обетки, од кои двете претставуваат чифт и наод од еден гроб, припаѓаат на типот на гроздовидните обетки кои се многу често застапени во словенските наоѓалишта со наоди од накит од Белобрдската култура, а познати и од истражените некрополи во Македонија. Обетките од овој тип на истражени локалитети, изработени од сребро, бакар или бронза, во различна големина и со нееднакви технички одлики на изработката и украсувањето, што зависело од работилниците од каде што потекнуваат и од умешноста на самите локални мајстори, се познати наоди датирани во времето од IX до XII век кај нас.

---

[7] Б. Алексова, Просек, Демир Капија (Београд—Скопје 1966) 52, 53; Н. Милетић, Словенска некропола у Гомјеници код Приједора, Гласник Земаљског музеја Босне и Херцеговине, 21—22 (Сарајево 1967) 116, 117.

Гроздовидната обетка Т. I. № 2, иако фрагментирана, припаѓа по типолошката поделба на Л. Љубинковиќ, во другата група и тоа на вториот вариетет од втората варијанта[8], на една од почетните фази на овој накит, карактеристичен за наоѓалиштата на Белобрдската култура.

М. Љубинковиќ дала детална анализа на гроздовидните[9] типови на наушници-обетки па ги распределила по групи, варијанти и вариетети. Н. Милетиќ оваа поделба не ја прима целосно[10], бидејќи констатира дека овој тип на наушници се јавува на широко подрачје па кај истиот можеле да настанат разлики што се одраз како на изборот на металот, од што зависела и техничката изработка, исто така и од работилниците каде што се изработувани, како и од самите мајстори, кои според својата инвентивност и вештина внесувале нови елементи во украсувањето или истите ги упростувале, со што придонеле основниот тип на гроздовидната наушница да добие нешто поинаков изглед. На мислење сме дека кај нас има веќе доста истражени наоѓалишта со наоди од гроздовидните обетки и тоа откриени во затворени наоди, па би требало да се пристапи кон една прецизна распределба на овој тип на накит.

Наодите од овој тип обетки на наоѓалиштата, карактеристични за белобрдската културна група, воглавно се изработувани со лиење, со исклучок на примероците од наоѓалиштата од Македонија. Скоро сите досега познати наушници од овој тип во Македонија изработени се во луксузните техники на филигран и гранулација и тоа како кај изработените од сребро така и кај примероците изработени од бакар и бронза. Ова го објаснуваме, а го имаме одамна и нагласено, дека е одраз на непосредната близина на византиските извори, на познатите работилници и на искусните мајстори. Ова го поткрепуваме и со наодите од Демир Капија, каде што најдените примероци од овој тип на наушници и друг накит се изработени главно во бакар и бронза а поретко во сребро, но во техниките на филигран и гранулација и тоа со задоволителен успех. Инаку, наушниците, обетките од овој тип на некрополите од словенскиот период се изработувани под византиско влијание и тие, заправо, претставуваат имитација во лиење на луксузните византиски типови на наоѓалиштата повеќе оддалечени од Византија, или имитација и поддражување во полоши метали во наодите од некрополите на територијата на Македонија.[12]

Горната алка на обетката, од која се останати само делови, е изработена со исчукување, која секако имала алка за

---

[8] М. Љубинковић, Метални накит белобрдског типа, Старинар н.с. II (Београд 1951) Т. 13, No I на стр. 49.

[9] Ibid., 21—56.

[10] Н. Милетић, цит. дело, 127.

[11] Б. Алексова, Демир Капија, 53, 54.

[12] Ibid., 86—94.

затварање на копецот. Алката е задебелена со ромбоичен пресек, изведен со филигранска жица. Коренот на средниот грозд е изведен исто така со извиткана филигранска жица на која секако се наоѓала по една јагода на горната и на долнта страна на гроздот. Од страна на алката сочувана е по една јагода со по две калоти исчукани во лим и слепени во биконични јагоди.

Оваа обетка по својата едноставна форма наоѓа аналогии со обетките од Демир Капија[13], потоа со обетката од локалитетот Бегов Даб од село Дулица, Делчевско[14] и во извесна мера одговара на обетката I на Т. 13 на II варијанта на II вариетет по М. Љубинковиќ[15], кои обетки воглавно се датирани во X век, а за кој тип на накит и Љ. Караман вели дека припаѓа на поранаиот накит од IX век.[16]

Наушници од овој тип кои имаат нешто поизменети форми со едноставна проста изработка се чести во наодите на некрополите во Далмација, датирани во распонот од IX до XII век. Меѓутоа, треба веднаш да споменам дека детално разврстување на археолошките наоди од овие некрополи како што споменува и самиот Д. Јеловина[17], не е извршено. Тоа е неопходна потреба, бидејќи истото би придонело да се следи не само развитокот, туку да се определи и времето на појавата и должината на животот на овој тип на обетки-наушници.

Што се однесува пак до наодите од големата некропола во Гомјеница кај Приедор[18], мислам дека се работи за едно упростување на овој тип на наушници и тие секако претставуваат примероци што потекнуваат од локални работилници.

Нашата гроздовидна сребрена обетка, украсена со филигранска жица со фино моделирани биконични јагоди, најблиска е до обетката од Демир Капија. Овие обетки секако се изработени во локални работилници од домашни мајстори а под директно влијание на развиените работилници за накит во Византија. Овој примерок од Крњево, според познатите аналогии секако би можел да е накит од словенски период на IX век.

Обетките, гроздовидни, од сребро на Т. I № I и Ia претставува чифт и тие секако прават една гробна целина. Се работи за гроздовидни обекти од развиен тип. Тие од страните на алката имаат по една јагода како и на коренот од горната и долната страна. Алката се завршува со кукичка, на која од обете страни се поставени гранулирани зрна. Самите јагоди се изве-

---

[13] Ibid., Т. 13, No 88.

[14] Ив. Микулчић, Неки нови облици раног словенског накита у Македонији, Материјали IX, Симпозиум Средњевековне секције. (Београд—Прилеп 1972) 163, Т. I, No 2a, b.

[15] М. Љубинковић, цит. дело, 49.

[16] Љ. Караман, Ископавања друштва „Бихаћа» у Мравинцима и старохрватска гробља (Загреб 1940), 26.

[17] D. Jelovina, Starohrvatske nekropole, Split, 1976

[18] Н. Милетић, цит. дело, 124—126.

дени од филигранска жица и гранулирани зрна. Овие обетки, по својот основен тип и концепцијата на украсувањето и припаѓаат на групата обетки од Демир Капија[19], Дебреште[20], што ги датираме од IX до XII век, со таа разлика што примероците од Крњево претставуваат далеку полуксузни примероци, прилично китнести и засега непознати од други наоѓалишта.

Сега доаѓаме до најлуксузниот тип на гроздовидна обетка од нашиов наод. Тоа е сребрената гроздовидна обетка Т. I № 3, која има полукружна алка изработена од филигранска жица, на која од страните има по една биконична јагода. Коренот од горната и долната страна е зацврстен со по четири гранулирани зрна на кои биле поставени јагоди. Јагодите на оваа обетка целосно се изведени од филигранска жица, целосно се прозрачни. Исто такви, јагоди се наоѓале од горната и долната страна на коренот бидејќи остатоците од жица укажуваат на тоа. Оваа обетка припѓа на основниот гроздовиден тип, но по начинот на украсувањето и техничката изработка таа засега нема аналогии во наодите од досега истражените некрополи кај нас. Оваа обетка, како и претходните примедоци, секако би можела да се определи во истиот временски период, изработена од домашни мајстори кои ги поддражувале луксузните византиски златни обетки од овој тип.

Останатиот накит од гробовите на Крњево го претставуваат три белезици од бронза. Белезицата на Т. 2 № 6 е масивна со триаголник во пресекот, со отворени нешто потенки краеви. Белезијата на Т. 2 № 7 е од широка лимена трака, се закопчува на шарнир, со геометриски врежани орнаменти од надворешата страна и ситни убоди по површината. Белезијата Т. 2 № 8 е исто тка од тенок лим, со отворени краеви нешто зашилени на крајот, по целата надворешна страна со избоцкан ситен орнамент.

Сите три типа на овие белезии од Крњево се познати во богатите наоди од Демир Капија[21], и сите се застапени во наодите на гробот бр. 181 од оваа некропола датирани во IX век. Вакви белезии се познати во наодите на широкото подрачје на Балканскиот Полуостров и тоа во Србија, Босна и Херцеговина, Далмација Хрватска, Македонија, Бугарија, Грција, и тоа како наоди датирани во распонот од IX до XII век.

Сите типови на прстени од оваа некропола се познати во наодите од Демир Капија[22] Застапени се прстени од обична бронзена алка со задебелување од страните и на главата со

---

[19] Б. Алексова, Демир Капија, Т. 13 No 85 и 86.

[20] B. Babič, The report on the slavic findspost in Macedonia, Balcano-Slavica 4 (Београд Прилеп 1975), 130 No 3.

[21] Б. Алексова, Демир Капија, 57, 58, Т. 16 и 17 No 131—150.

[22] Ibid., Т. 17 и 18.

мали врежани лини и урезни како тие на Т. 3 № 10, 11, 12, 13, 14.[23]

Вториот тип се прстени со широка алка составена од неколку жици со конусна глава без никаков украс како Т. 3 № 16 или[24] со изразита конусна глава украсени со филигранска жица Т. 3 № 15. Сочуваната алка на Т. 3 № 18 секако припаѓала на овој тип прстени. Прстен со алка од повеќе жици, на која е поставена конусна глава без украс е најден во гробот бр. 10 во Демир Капија заедно со бронзена монета која се припишува на Јован Цимисц (969—976).[25]

Прстенот на Т. 3 № 17 е од извиткана жица со лржоште за поставање на стаклена паста или камен, познат од наоѓалиштата што се припишуваат на Белобрдската културна група кај нас, а застапен и во наодите од Демир Капија.[26] Сите типови на прстења од Крњево овде споменати на сите досега истражени некрополи воглавно се датираат во распонот од IX до XII век.

Целокупниот накит од некрополата во Крњево разгледан овде како по своите типолошки одлики, така и по техничката изработка и посебните детали на украсувањето претставува необично добро и со висока техника на изработување обликуван накит. Тој е изработен во сребро и бронза, меѓутоа, во луксузните техники на филигран и гранулација, што уште повеќе ни дава можност за претпоставка дека се работи за добри мајстори и добри работилници, кои и во помалку квалитетни метали ги поддржувале златните луксузни примероци од византиските работилници. Овој накит е изработуван за народот меѓутоа, тој ги имитира луксузните примероци на накит од феудалците и богатите трговски слоеви.

Што се однесува до местото каде што е изработуван овој накит, мое мислење е, а тоа го имам повеќе пати досега истакнувано, дека овој накит е изработуван во домашни работилници од домашни мајстори, но под директно влијание на византсиките работилници. Почетоците на развитокот на вакви работилници паѓа во времето на втората половина на IX век и почетокот на X век, времето на општото издигнување на Словените во Македонија, времето на ширењето на писменоста и покрстувањето во овие области што се наоѓале во директен контакт со развиените трговски и занаетчиски центри во Византија.

---

[23] Ibid., T. 12.
[24] Ibid., T. 7 No 31 и 32.
[25] Ibid., T. 18 No 170.
[26] Ibid., T. 17 No 163.

Blaga ALEKSOVA

## THE FINDES OF THE MEDIAEVAL SLAVE GRAVES OF THE V. KRNJEVO NEAR KAVADARCI

(S u m m a r y)

The Bošava river an the western tributary of the Vardar in ist midle cours runs through the vally of Krnjevo. In the valley of Krnjevo we found an early byzantine church of the 5th-6th centuries and many cemeteries with graves of the mdeieval byzantine and slave period.

The area of the Crveni Bregovi becam a cemetery in the medieval Slave period. During the 1964 excavations of L. Galabov, many graves were found, dating to the 9th-12th centuries.



1



1a



2



3



4



5



6

7

8

9



10

11



12

13



14

15



16

17



18